# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

## КУЛТУРА И НАУКА У НАРОДНООСЛОБОДИЛАЧКОМ РАТУ И РЕВОЛУЦИЈИ

**(Савет академија наука и уметности СФРЈ, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1984, 1—763)**

Во првата половина од 1984 година, во издание на Советот на академиите на науките и уметностите на СФРЈ, а во реализација на Македонската академија на науките и уметностите, излезе од печат зборникот на трудови од научниот собир „Културата и науката во народноослободителната борба и Револуцијата". Собирот беше посветен на 40-годишнината од НОВ и Револуцијата на југословенските народи и народностите и се одржа од 7 до 9 октомври 1981 година во Струга.

Во народноослободителната борба и Револуцијата беше решено националното прашање на сите народи и народности што живеат во Југославија и беа поставени темелите на денешна СФРЈ — заедница на братски и рамноправни народи и народности. Оваа тема претставуваше и сè уште претставува неисцрпен вруток во сите области на културата и науката. Во виорот на Револуцијата, покрај воените акции, маките, тегобите, се развиваше и творештвото на секој нејзин учесник, а тоа творештво требаше да биде сеопфатно за да се совлада технички бројно надмоќниот непријател. Револуцијата налагаше да се развива широка културна и просветна активност, преку која ќе се изградуваат широките народни маси за да можат да се вклучат во разгорот на Револуцијата, а по победата да градат ново општество. Токму затоа, организаторите сметаа дека овој научен собир со презентираните трудови ќе ги продлабочи значењето, карактеристиките и содржината на културното живеење во периодот на народноослободителната борба и Револуцијата.

Од рефератите поместени во зборников, мошне јасно се гледа дека културата, науката и просветата и во текот на војната имале свој континуитет, свој развој, и свое живеење. И покрај многубројните форми на отпор од страна на непријателот, широките народни маси се вклучија во развивањето на културата, уметноста и просветата и во решавањето на многу научни проблеми, што на

народноослободителната војна и дава поизразита форма на сенародна револуција.

Во многу краишта на слободните територии работеа и основни училишта, постоеа и бројни партиски и воени училишта во коишто за време на Револуцијата се изградуваа политички и воени кадри. Во некои научни дисциплини, посебно во правните науки, се постигнати значајни достигнувања посебно во организирањето на народната власт што се градеше од почетокот на Револуцијата, потоа во воените науки, медицината и др. Мошне значајни резултати се постигнати во развојот на театарската, ликовната уметност, литературата и во другите сфери на културното живеење.

Сите овие податоци укажуваат на фактот дека народноослободителната војна и Револуцијата, со себе ја носеше и компонентата на сеопфатност, во која народите и народностите на Југославија, по крај ангажирањето во сите форми на борбата, го развија својот народен гениј на културен и просветен план, така што веќе во самата војна беа извршени крупни општествени промени, чијшто натамошен природен развиток беше изградбата на социјалистичко општество.

Во зборникот, по предговорот и поздравните говори, се поместени вкупно 57 реферати поделени во три секции, и тоа: за наука, за уметност и за култура. Во овој зборник се објавени трудови на учесници на собирот од сите југословенски републики и покраини, како и на еден учесник од СССР, којшто не беше во можност да присуствува на собирот, и тоа: Душан Недељковић, Наука и култура у народноослободилачкој борби и револуцији: Andrija K. Stojković, Razvoj filozofije i nauke marksizma u oslobodilačkom ratu i revoluciji; Lojze Ude, Pravniki c osvobodilni borbi slovenskega naroda 1941—1945, njihovo strokovno in znanstveno udejstvovanje; Александар Христов, Теоретски поставки во документите од НОБ во врска со определувањето на државноправниот статус на Македонија; Hodimir Sirotković, Teoretski stavovi, Kongresa pravnika antifašista Hrvatske u Clini 1944. god. o izgradnji jugoslovenske federacije i pravnog sistema nove Jugoslavije; Fran Zwitter, Partizanski znanstveni institut, Михаило Апостолски, Зачетоци на институционалното организирање на научното творештво во НОБ и Револуцијата во Македонија; Enver Ređić, Kultura i revolucija; Bogdan Brecelj, Medicinska doktrina u NOR u Sloveniji; Гојко Николиш, Култура и наука у НОБ и Револуцији. Ратни санитет; Никола Живковић, Однос немачких окупационих снага према просветним и научним установама у културним добрима Југославије; Манол Пандевски, Кон прашањето за илинденските традиции во НОБ за Македонија; Зоран Лакић, Активност црногорских интелектуалаца на популарисању одлука II заседања АВНОЈ-а; Трајко Стамatoски, Пишаниот македонски збор во времето на Народноослободителната војна; Божидар Бојовић, Збирка Машана Радоњића као извор за историју народноослободилачке борбе у заробљеничким логорима (1941—1945); Marijan Matković, Kazališta i dramska

književnost u narodnoj oslobodilačkoj borbi Hrvatske; Boris Paternu, Temelji poetike slovenskega narodnoosvoboditelnega pesništva 1941—1945; Vojislav Maksimović, Književno stvaralaštvo na albanskom jeziku za vreme NOB-a na Kosovu; Слободан Ж. Марковић, Културна и књижевна активност на почетку устанка у Србији 1941.; Živko Jeličić, Hrvatska književnost u danima narodnooslobodilačke borbe; Isak Šema, Književno stvaralaštvo na albanskom jeziku za vreme NOB-a na Kosovu; Vladeta Vuković, Poezija srpska i crnogorska u NOR-u; Rafo Bogišić, Poema u hrvatskoj književnosti narodnooslobodilačke borbe; Sait Orahovac, Omladina u narodnim pesmama nastalim u NOB-i u Bosni i Hercegovini; Света Лукић, Модерна синтеза лирике и епа у поемама Скендера Куленовића; Ševćet Plana, Revolucionarno pevanje Albanaca u toku narodnooslobodilačke borbe; Ненад Љубинковић, Одлике усменог стваралаштва ослободилачке борбе и револуције; Блаже Ристовски, Македонскиот поетски збор во периодот на НОБ; Лилјана Тодорова, Паралели меѓу константите на поезијата создадена во НОБ и поезијата на отпорот на другите народи; Нада Момировска, Поезијата на Мите Богоевски со посебен осврт на песната Спроти Илинден"; Воислав Јаќоски, Албански препеви на одделни македонски и песни на другите југословенски народи создадени во НОБ во Македонија; Dragotin Cvetko, Glazba v NOB na Slovenskem; Lovro Županović, Stilsko izričajne, formalne i izražajne odrednice glazbenog stvaralaštva u Hrvatskoj za vrijeme narodnooslobodilačke borbe; Emilijan Cevc, Slovenska likovna umetnost v NOB; Стојан Челић, Логорске визије Петра Лубарде; Борис Петковски, Ликовното творештво на НОВ на Македонија; Muhamed Karamehmedović, Likovni stvaraoci Bosne i Hercegosine u toku NOB-a; Ђорђе Радишић, Народноослободилачка борба и социјалистичка револуција као вид остваривања човековог права на културу; Миомир Дашић, Културно-просветни живот у Црној Гори од почетка тринајстолујског устанка до љета 1942. године; Jažar Ređepagić, Kulturni i prosvetni radnici Kosova u narodnooslobodilačkom ratu; Петар Качавенда, Културно-просветни рад младих у оружаним снагама револуције (1941—1945); Венцеслав Глишић, Култура и уметност у Ужичкој републици; Душан Попов, Културни садржај у штампи народноослободилачког покрета у Војводини; Г. М. Славин (СССР), Одразот на југословенската култура во времето на народноослободителната војна и Социјалистичката револуција во московскиот печат; Слободан Д. Милошевић Културно-просветна активност на слободној територији у Првој половини 1942. (Фочански период НОР-а); Đuro Batričević, O radu na kulturnom uzdizanju naroda u Crnoj Gori u narodnooslobodilačkom ratu; Ljubomir Tabački, Kulturno-prosvetna politika i praksa narodnooslobodilačkih odbora u Vojvodini u toku NOR-a (1941—1944); Боро Мокров, Информативните систем и во Македонија во периодот на НОБ; Милан Матић Издавачка делатност КПЈ у народноослободилачког покрета у Србији

1941. године; Mitar Papić, Štampa na slobodnoj teritoriji u Bosni i Hercegovini; Filip Kalan Kumbatović, Prilog za proučavanje partizanskih pozorišta u narodnooslobodilačkom ratu na teritoriji Bosne i Hercegovine; Илија Цувалековски, Театар на дело; Браслав Борозан, Театар у НОБ-у; Милена Јовановић-Николић. О приредбата и позоришним претставама у логору на Бањици; Мирослав Лукетић. Штампа НОР-а и револуције у Црној Гори; Jelena Popov, Biblioteke i knjižnice u Vojvodini za vreme drugog svetskog rata. Исто така се објавени и соопштенијата во врска со дискусијата на 4 дискутанти, и тоа: Михаило Апостолски Развојот на културата и науката — фактор за револуционерниот бран на народот; Владо Стругар, Југославија, историско наслеђе револуције; и Enver Ređić, Safet Krupić (život i rad), Enver Ređić, Da li je ustanak 11. oktobra produženje ilindenskog ustanka?

Во зборникот се објавени трудови на учесници со реферати од сите републики и автономни покраини и тоа на јазикот на којшто биле презентирани на собирот со кусо резиме на странски јазик.

Се разбира, објавените трудови ќе покренат и многу нови прашања сврзани со културата и науката во НОВ и Револуцијата, кои што ќе бидат предмет на идни проучувања на оваа проблематика од повеќе аспекти.

Објавувањето на овој зборник претставува драгоцен прилог во збогатувањето на нашата историографија и на современата нучна мисла.

Благој СТОИЧОВСКИ

**Д-р Новица ВЕЛЈАНОВСКИ, Народната власт во Македонија 1941—1944 „Мисла", 1983, 1—371**

Издавачката организација „Мисла" од Скопје, која од година во година станува се попозната и поафирмирана издавачка куќа, не само во Македонија и Југославија туку и пошироко, пред извесно време ја издаде публикацијата „Народната власт во Македонија 1941—1944 година" од Новица Велјановски. Нејзиното издавање не е случајна појава. Тоа е последица на повеќегодишна истражувачка работа и творечка дејност на споменатиов автор врз едно од најзначајните прашања на нашата Народно-ослободителната борба и Социјалистичката револуција. Вистина ова прашање и досега било повеќе пати предмет на истражување и проучување од страна на познати македонски историчари и правници. Меѓутоа, нивните трудови за народната власт во Македонија главно се однесуваат или на поедини краеви односно на поодедни години, или, пак, на поодедни аспекти на ова прашање, односно политичко-правните и уставноправните карактеристики. Споменатиов труд на Новица Велјановски претставува прва пообемна монографска студија со поширока историографска и политичко-правна анализа на создавањето и развојот на народноос-